У-5.бр.1228/2020

УПРАВНИОТ СУД во преку судијата: М-р Дитурије Елези Незири - претседател на совет, со записничар Моника Китановска – виш судски соработник, решавајќи по службена должност, за поправање на пресудата на овој суд, У-5.бр.1228/2020 од 21.12.2020 година, согласно член 331 од Законот за парничната постапка, а во врска со член 14 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 01.02.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ВРШИ поправање на пресудата У-5.бр.1228/2020 од 21.12.2020 година, на начин што во диспозитивот на решението се бришат зборовите „Ненад Николовски“ и се додаваат зборовите „Горан Палитов“.

Во останатиот дел наведената пресуда и решение остануваат неизменети.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со пресуда У-5.бр.1228/2020 од 21.12.2020 година, тужбата на тужителот СИТИ ЛОГИСТИКС 2011 ДООЕЛ Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-888/6 од 07.10.2020 година, се одбива како неоснована, а барањето на полномошникот на заинтересираното лице Ненад Николовски адвокат од Скопје за надомест на трошоците по постапката се одбива како неосновано.

На ден 27.01.2021 година полномошникот на заитересираното лице Бапал Благој ДООЕЛ Скопје адвокат Горан Палитов од Скопје со писмен поднесок до судот побара да се изврши исправка на техничка грешка во решението на пресудата.

Откако изврши увид во пресудата, претседателот на советот констатира дека е сторена очигледна техничка грешка при изготвување на пресудата, поради што согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови, а во врска со член 331 од Законот за парничната постапка (Службен весник на РМ бр.79/05 и 116/2010), изврши поправање на истото како што е наведено во изреката на ова решение.

Решено во Управен суд на 01.02.2021 година под У-5.бр.1228/2020.

Записничар - виш судски соработник
Моника Китановска

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител
- тужен орган
- полномошник на з.л адвокат Горан Палитов од Скопје.

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri